ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:30-28/41

Дата:15.04.2013

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ
ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СОВЕТИТЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ
ЦЕНТРИТЕ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме на резултатите

Ова известување претставува наш заклучок по извршената ревизија на успешност која се однесува на активности поврзани со оценка на ризиците и можностите за подобрување на ефективноста од реализацијата на Програмата за рамномерен регионален развој.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2012 година, со кој е планирано вршење на ревизија на успешност со наслов „ Ефективност од реализација на Програмата за рамномерен регионален развој “ .

Со ревизијата на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија на успешност, а која преставува предмет на интерес од повеќе аспекти и за повеќе целни групи.

Рамномерниот регионален развој е комплексен и долгорочен процес кој има за цел намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и

подигнување на квалитетот на животот на граѓаните. Комплексноста на овој процес произлегува и од фактот што истиот е регулиран со комплексна законска и подзаконска регулатива. Периодот кој беше опфатен со нашата ревизија е 2009-2012 година.

Ревизијата на успешност на тема „ Ефективност од реализација на Програмата за рамномерен регионален развој “ претставува објективна и системска проверка на докази со цел обезбедување на независна проценка за резултатите од реализација на Програмата за рамномерен регионален развој и давање на препораки за подобрување на состојбите во оваа област.

Имајќи го предвид наведеното со ревизијата на успешност се насочивме на неколку ризични области и тоа:

- законска регулатива за рамномерен регионален развој;
- финансирање на рамномерен регионален развој (планирани и реализирани средства за регионален развој од Буџетот на Република Македонија за период 2009 – 2012 година);
- избор на предлог – проекти и нивно финансирање и
- надзор на користење на средствата доделени за рамномерен регионален развој .

Состојбите кои се прикажани во Конечниот извештајот се резултат на применетите постапки на ревизијата со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековната состојба како и креирање на јасни и реални препораки кои надлежните лица и органи треба да ги спроведат.

Ревизијата беше насочена кон повеќе откриени ризици кај споменатите области кои генерално се однесуваат на давање одговор на следните прашања:

- дали е постигната ефективност од реализација на Програмата за рамномерен регионален развој и
- дали утврдувањето и трансферирањето на средствата за рамномерен регионален развој од Буџетот на Република Македонија по проекти е согласно законските прописи .

Целокупниот опфат и доказите кои ги обезбедивме по пат на спроведените техники и методологија од страна на ревизијата, ни дадоа основа да го констатираме следното:

Утврдивме дека постојниот концепт на уредување на активноста за рамномерен регионален развој, претставува комплексна област која подразбира законско

уредување и вклучува повеќе институции и субјекти надлежни за спроведување и контрола на процесот.
Областа е доуредена со подзаконска регулатива, чиешто донесување бележи задоцнување од една до четири години. Ова задоцнување има влијание врз започнување на активноста и спроведувањето на натамошните активности од надлежните институции.

Утврдивме недоследности од аспект на примена на законот, поради што во пракса се јавуваат разлики во начинот и органот преку кој се пренесуваат средствата од Буџетот на Република Македонија за финансирање на планските региони. Утврдивме разлики во развојниот период кај планските региони, што се должи на задоцнето донесување на подзаконската регулатива и има влијание врз развојниот период утврден во Стратегијата за рамномерен регионален развој на Република Македонија за период 2009 – 2019 година. Центрите за развој на планските региони се соочуваат со проблем од обезбедување средства за тековно работење поради неисполнување на законската обврска за нивно финансирање од страна на дел од општините.

Не е воспоставен информациски систем, кој треба да содржи ажурирани и веродостојни податоци во врска со степенот на развиеност по региони, од што пак зависи и процентуалната распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија по региони за рамномерен регионален развој. Поради неажурирани податоци не е донесена нова Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност.

Од анализите кои ги извршивме, утврдивме дека за ревидираниот период, постои тренд на намалување на средствата кои се издвојуваат од Буџетот на Република Македонија за рамномерен регионален развој. Имено ова намалување според донесените Одлуки за доделување на средства за финансирање на проекти за рамномерен регионален развој во 2011 во однос на 2009 година изнесува 30,15%, во 2012 во однос на 2011 изнесува 85,53%, односно во 2012 во однос на 2009 година како година кога е започната активноста за рамномерен регионален развој преку доделување средства изнесува 89,89% намалување на средствата.

Утврдивме ретроактивно финансирање на проектите за регионален развој. Носењето на Владините Одлуки за доделување на средства за финансирање на проекти кон крајот на годината (како што е случај во 2009 и 2012 година), означува финансирање на проекти, кои биле одобрени, како проекти за развој на соодветниот регион од претходна година.

Анализите покажаа, исклучително ниско ниво на издвоени средства за рамномерен регионален развој. Процентуалното учество на издвоените средства

од Буџетот на Република Македонија за рамномерен регионален развој, во однос на БДП за период 2009 – 2011 година се движи помеѓу 0,03% - 0, 02%, наместо да се во висина од најмалку 1% од БДП.

Утврдивме ризик во работата на Комисијата за оценување на предлог – проекти за рамномерен регионален развој. Недостатокот на прецизни законски одредби за начинот на работа на Комисијата и утврденото дискреционо право во законот на министерот за локална самоуправа за изборот на членови во Комисијата, можат да имаат влијание на изборот на проекти и нивниот придонес за регионалниот развој.

Намалувањето на средствата по години, за финансирање на проектите за рамномерен регионален развој, како и недостигот на нормативно уредување на делот кој се однесува на изборот на проекти од аспект на работа на Комисијата, го зголемуваат ризикот од ефективност во остварувањето на програмските активности поврзани со областа рамномерен регионален развој.

Петгодишниот временски период од примена на Законот за рамномерен регионален развој, утврдивме дека не е следен со извршен надзор од страна на надлежните институции.

Задоцнетото донесување на подзаконските акти од областа на оценување на планските документи и реализацијата на проекти, влијае врз неизвршеното оценување на планските документи и реализирани проекти. Ова од своја страна, пак има влијание врз изменувањето и дополнувањето на планските документи.

Неоспорувајќи ги придобивките од реализираните проекти согласно Програмите за рамномерен регионален развој за периодот 2009-2012 година, кои имаат влијание на подобрување на животот на граѓаните и на намалување на диспаритетите помеѓу планските региони и се во функција на рамномерен регионален развој, сметаме за потребно да истакнеме дека поради недоволниот износ на средства кои се издвојуваат од Буџетот на Република Македонија за регионален развој како и трендот на намалување на планираните средства со ребалансите на Буџетот не е постигната задоволителна ефективност од реализација на Програмата за рамномерен регионален развој.
За подобрување на севкупните состојби во оваа област и за постигнување на поголема ефективност сметаме дека треба во целост да се почитуваат одредбите од Законот за рамномерен регионален развој, посебно делот кој се однесува на законската обврска за издвојување на средства од Буџетот на РМ во висина од најмалку 1% од БДП.

Во функција на подобрување на состојбите и надминување на неправилностите ќе споменеме и препораки кои треба да бидат преземени од надлежните органи, а со

кои би се подобриле констатираните состојби кај активноста рамномерен регионален развој. Иницијативите кои ги препорачуваме се однесуваат на преземање мерки за: навремено донесување на Одлуките за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони, примена/измена на законските одредби за изворите на финансирањето од Буџетот на Република Македонија, навремено донесување на Акционен план за спроведување на Стратегијата за рамномерен регионален развој на Република Македонија за период 2009 – 2019 година, ажурирање на податоците за степенот на развиеност по региони со споредливи и веродостојни статистички податоци кои реално ќе го отсликуваат степенот на развој на планските региони и формирање на информациски систем, прецизирање на законските одредби за работата на Комисијата за избор на проекти за регионален развој, воедначување на развојниот период по региони, преиспитување на законското решение за кофинансирање од Буџетот на Република Македонија со цел одржување на работата на Центрите за развој на планските региони, како и оценување на планските документи и реализирани проекти и вршење надзор над примената на законските одредби.

На Нацрт извештајот се доставени забелешки од страна на законскиот застапник – директорот на Бирото за регионален развој на точка 3 од препораките која е дополнета во функција на дообјаснување и допрецизирање на истата.